**Македонците од сите делови на Македонија во целиот свет, единствени и недвосмислено, во врска со геноцидното барање на Атина за промена на името на државата Македонија, го прокламираат следното.**

## МЕМОРАНДУМ
## ЗА ГРЧКИОТ ГЕНОЦИД ВРЗ МАКЕДОНСКИОТ НАРОД

На 31 октомври 1912 година, со декрет на грчкиот крал Горгиос први, Владата во Атина, за прв пат во својата историја, воспостави времена управа на окупираните територии во Македонија.

Оттогаш, Владата во Атина започнува и системски процес на етничко чистење , егзодуси и геноцид врз Македонците во Егејскиот дел на Македонија. Маскирани се илјадници Македонци, запалени се стотици села и илјадници куќи, забранет е македонскиот јазик, илјадници Македонци се интернирани по островите и насилно протерани од Грција, запалени се и уништени стотици македонски православни цркви...

Со Букурешкиот договор од 10 август 1913 год, Атина го Анкетира Егејскиот дел на Македонија.

Со Нејската конвенција од 27 ноември 1919 година меѓу и Софија, Грција насилно ги протера Македонците православни од Егејскиот дел на Македонија во Бугарија.

Со Лозанската конвенција од 30 јануари 1923 година меѓу Атина и Анкара, Грција насилно ги протера Македонците муслимани од Егејскиот дел на Македонија во Турција

Од Турција и Мала Азија, Атина во Грција доселува околу 800,000 инородно население, од кои 612,000 во Егејскиот дел на Македонија на имотите на насилно протераните Македонци.

Во 1926 година Атина ги промени, топономите и хидронимите во Егејскиот дел на Македонија и имињата и презимињата на Македонците во Грција.

Во 1948 година во граѓанската војна во Грција, Атина насилно ги протера децата на Македонците во источно европските земји, што представува преседан во светот и човечковата историја

Со Одлуката за репатријација на политичките бегалци од Граѓанската војна 1945-1949 година од 29 декември 1982 година и со Законот 1540/85 за деконфискација на имотите на полотичките бегалци од Граѓанската војна 1945-1949 година, Атина го забрани враќањето на насилно протераните Македонци во Грција на своите родни огништа и ги лиши од сите граѓански права.

Се до распаѓањето на поранешна СФРЈ во 1991 година, Атина речиси ја елиминира домашната употреба на темата Македонија.

Владата во Атина имаше Министерство за Северна Грција, со распаѓањето на поранешна СФРЈ преименувано е во Министерството за Македонија, Епир и Тракија.

На 16 декември 1991 година Советот на Европската заедница го усвои извештајот на Арбитражната Комисија на Конференцијата за Југославија на Европската заедница според којшто Република Македонија ги исполнува условите од Насоките за признавање на новите држави во источна Европа и во Советскиот сојуз и во Декларацијата за Југославија, според којшто “употребата на името Македонија не содржи какви и да е територијални претензии кон друга држава.

На 6 јануари 1992 година, под притисок на Атина, сепак, Собранието на Македонија усвои два амандмани на Уставот на Република Македонија: на членот 3 дека “Републока Македонија нема територијални претензии кон соседните држави, и на членот 49 дека Републиката во грижата за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји и за иселениците од Македонија “нема да се меша во суверените права на други држави и во нивните внатрешни работи”.

На 27 јуни 1992 година Европскиот совет на Европската заедница во Лисабон, под притисок на Атина, усвои геноцидна Декларација за поранешна Југославија што се оденсува на признавањето на Македонија “со име кое нема да го вклучува терминот Македонија”, што беше експресно отфрлена од Собранието на Македонија со декларација од 3 јули 1992 година

На 8 април 1993 година, Генералното собрание по препорака на Советот за безбедност на Обединетите Нации, а под притисок на Грција, ја прими Македонија во членството на Светската организација под времената референца "Поранешна Југословенска Република Македонија", со задача да се постигне договор за разликата за името на државата Македонија, што е преседан во меѓународните односи и право, спротивно на Повелбата на Обединетите Нации и на Универзалната декларација за човечковите права.

На 9 октомври 1995 година, Собранието на Македонија ја ратификува Македонско-грчката Времена согласност склучена на 13 септември 1995 година, а веднаш потоа го промени шеснаесет-зрачно сонце од симбол на знамето на државата

Како последен бастион на расизмот и наци-фашизмот во Европа, Атина не го признава постоењето на Македонците кои живеат во Грција дискриминирајќи ги во сите човекови и граѓански права и слободи, односно од окупацијата на Македонија во 1912 година континуирано до денес не го признава постоењето на посебен македонски етнос во целина.

Атина веќе седумдесет години, од 1944 година до денес, применува рестриктивен визно-пасошки режим на апартхејд за македонските државјани по потекло Македонци од Егејскиот дел на Македонија: забранет им е влезот во Грција, дури и за погреби, посета на гробови и роднини. Визно-пасушкиот режим на апартхејд Атина го спроведува со забрана на влез во Грција и за сите Македонци по потекло со какво и да е друго немакедонско и негрчко државјанство (американско, австралиско,канадско, европски и други) во чии патни исправи местото на раѓање е запишано според македонската топонимија од пред промената на имињата на населените места направена од грчките власти по окупацијата на Македонија во 1912 година.

Со злоупотреба на правото на вето, Атина денес бара промена на името на државата Македонија при влез во Европската Унија и НАТО што претставува легализација на окупацијата на Македонија и на геноцидот врз македонскиот народ, кое како злосторство против човештвото не застарува никогаш. Атина и Брисел кога и да е ќе се соочат со таа историска вистина и одговорност и за тоа мор ат да плата репарации!

И покрај тоа што Атина во 1912 година го окупира Егејскиот дел на Македонија и изврши геноцид, егзодуси и етничко чистење на Македонците, државата Македонија ја прифати актуелната граница како неповредлива и декларира дека не полага ексклузивно право врз името, културата и историјата на Македонија, односно културата и историјата на Македонија се дел од културно-историскиот идентитет на сите балкански демоси како современи политички нации, независно од разликите во читањето на историјата, дури и независно од разликите меѓу современите литературни јазиц како производ на современите политички нации. Атина во целиот свој процес, не направи ниту една одстапка, освен што ја јакнеше агресијата на анти-македонизмот и негацијата на македонскиот народ по сите основи. Македонскиот народ во Втората светска војна беше дел од анти-фашистичката коалиција и се избори за својата дрежавност.

Македонија денес е и дел од анти-терористичката коалиција предводена од САД.

Македонија е во партнерството за мир со НАТО и учествува со свои војници и старешини во НАТО-мисиите во Авганистан, Ирак и Босна и Херцеговина.

Имајќи го сето ова во предвид, неприфатлива е инструментализацијата на Европската Унија и НАТО во интерес на грчкиот геноцид и апартхед врз македонскиот народ, кој кулминира со барањето за промена на името на државата Македонија или вето за влез во Европската Унија и НАТО, конституирана на дел од македонската земја во Втората Светска Војна.

Македонците од сите делови на Македонија во целиот свет ја охрабруваат Владата на Македонија во одбрана на единственото историско име Македонија, во согласност со референдумот од 8 септември 1991 година кога народот и граѓаните во апсолутно мнозинство се изјаснија "за самостојна и суверена држава Македонија" без додавки и придавки. Одлуката на референдумот е задолжителна за сите.

Македонците од сите делови на Македонија во целиот свет го предупредуваат државниот врв за неменување на државното име на Македониаја и го осудуваат грчкиот геноцид и апартхејд врз Македонците кој континуирано трае од 1912 година до денес.

Македонците од сите делови на Македонија во целиот свет иницираат "Марш на молкот" без пароли и говори, учесниците на Маршот пред Парламентот да остават запалени свеќи во знак на помен на жртвите на грчкиот геноцид врз македонскиот народ и предупредување до светот за

анти-цивилизациската солидарност и инструментализцијата со грчкиот наци-фашизам, расизам, геноцид и апартхејд врз македонскиот народ.

Македонците од целиот свет бараат осуда на грчкиот наци-фашизам, расизам, геноцид и апартхејд врз македонскиот народ што го дестабилизира целиот регион и поттикнува омраза и непријателства. Македонците од целиот свет бараат репарации поради штетеите од тоа.

Грчкот антимакедонизам е пострашен и поагресивен од антисемитизмот, пострашен е од наци-фашистичкиот холокауст врз Евреите. Македонија и македонскиот народ се жртви на грчкиот геноцид и апартхејд и затоа Македонците во целиот свет од меѓународната заедница, од демократската јавност, бараат осуда на агресивниот грчки антимакедонизам врз еден од најстарите народи во Европа и светот.

**Од Македонците од сите делови на Македоднија во целиот свет**
**Од Светскиот Македонски Конгрес како неформален Светски Парламент**
**Од сите делови на Македонија во целиот свет.**